04 Октомври, 2024

АРХИВСКИ БРОЈ: 29 – 9311/3

Врз основа на член 31 став 11 од Законот за тутун, производи од тутун и сродни производи (*)(„Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 98/19, 27/20 и 56/21), а постапувајќи по поднесено барање за стекнување со овластување бр.102/2 од 16.09.2024 година од Сојуз на тутунопроизводители МАКА НА ТУТУНОБЕРАЧИТЕ Прилеп со седиште на ул. Ладо Лапецот бр.22, Прилеп, министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство го издава следното

## РЕШЕНИЕ

### за овластување на највисоката асоцијација на тутунопроизводители

Со ова решение се дава овластување на највисоката асоцијација на тутунопроизводители на Сојуз на тутунопроизводители МАКА НА ТУТУНОБЕРАЧИТЕ Прилеп со седиште на ул. Ладо Лапецот бр.22, Прилеп.

### О б р а з л о ж е н и е

Сојуз на тутунопроизводители МАКА НА ТУТУНОБЕРАЧИТЕ Прилеп со седиште на ул. Ладо Лапецот бр.22, Прилеп поднесе барање бр.102/2 од 16.09.2024 година до Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство за добивање на овластување на највисоката асоцијација на тутунопроизводители со потребната придружна документација, како и дополнување на документацијата на 20.09.2024 година.

При вршење на проверка во документацијата се утврдува исполнетоста на условите согласно член 31 став 10 од Законот за тутун, производи од тутун и сродни производи.

Министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство решавајќи по барањето на Сојуз на тутунопроизводители МАКА НА ТУТУНОБЕРАЧИТЕ Прилеп со седиште на ул. Ладо Лапецот бр.22, Прилеп и горе наведената проверка за исполнување на условите од член член 31 став 10 од Законот за тутун, производи од тутун и сродни производи, одлучи како во диспозитивот на ова решение.

Со донесување на ова решение престанува да важи решението за овластување бр.29-9469/5 од 18.10.2019 година.

ПРАВНА ПОУКА: Против ова решение во рок од 15 дена од денот на приемот на решението може да се изјави жалба до Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен.

МИНИСТЕР
Цветан Трипуновски

Изработил: Јулијана Огњаноска
Контролирал:/Согласен: Васе Симовска Бошкова